# 2025/520

**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2025/520 НА КОМИСИЈАТА**

**од 20 март 2025 година**

**за изменување и дополнување на Регулативата (ЕУ) 2018/1048 во однос користењето на спецификациите за навигацијата заснована на перформансите при океански операции**

**(Текст со важност за ЕЕО)**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството, и за изменување и дополнување на регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91([1]) на Советот, и особено член 44(1), од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Регулативата за спроведување (ЕУ) 2018/1048([2]) на Комисијата ги утврдува условите за користењето на воздушниот простор и оперативните процедури кои се однесуваат на навигацијата заснована на перформансите (PBN).

(2) Регулативата за спроведување (ЕУ) 2018/1048 бара спроведувањето на рутите на услугите на воздушниот сообраќај (ATS) да е во согласност со условите наведени во спецификацијата на обласната навигација (RNAV) 5 за сите операции на прелетите од единственото европско небо (SES).

(3) Спецификацијата на RNAV 5 е развиена со цел да им се даде поддршка на операциите во континенталниот воздушен простор. Условите од спецификацијата кои се однесуваат на губење на

---

[1] Сл. весник. L 212, 22.8.2018 година, стр. 1. ELI http://data.europa.eu/eli/reg/2018/1139/oj

[2] Регулатива за спроведување (ЕУ) 2018/1048 на Комисијата од 18 јули 2018 година за утврдување на условите за користење на воздушниот простор и оперативните процедури кои се однесуваат на навигацијата заснована на перформансите (Сл. весник L189, 26.7.2018 година, стр. 3., ELI: http://data.europa.eu/eli/reg_impl/2018/ 1048/oj).

навигациската функционалност на воздухопловот не се компатибилни со операциите во океанскиот или во оддалечениот континентален воздушен простор од рутата, така што употребата на таквата спецификација може да доведе до потенцијално безбедносно уназадување.

(4) И RNAV 10 и задолжителните перформанси на навигацијата (RNP) 4 се спецификации за навигација што се специјално проектирани од страна на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO), а сè со цел да ги подржат операциите што се извршуваат на рута во океанскиот и во оддалечениот континентален воздушен простор, а кои исто така се дел од SES. Поради тоа, тие можат да гарантираат конзистентност/постојаност помеѓу условите за перформансите на воздухопловот (спецификации за PBN) и перформансите на навигацијата што се потребни за таквите операции.

(5) Употребата на спецификациите за RNAV 10 или за RNP 4 во океанскиот и оддалечениот континентален воздушен простор обезбедува координирано користење на рутата на ATS.

(6) Употребата на функционалноста на радиус до фиксна (контролна) точка (RF) и/или ограничувањата на апсолутната висина заедно со стандардно поаѓање по инструменти (SID) и стандардно пристигнување по инструменти (STAR) за RNP 1, треба да зависи од локалните потреби.

(7) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2021/2237 ([3]) на Комисијата воведува нова категоризација на приод според ICAO, според која повеќе не се прави разлика помеѓу операциите од CAT IIIA и CAT IIIB; се смета дека е неопходно, во законодавството на ЕУ, да се изврши усогласување со моменталната дефиниција за операции од CATIII.

(8) Затоа, Регулативата за спроведување (ЕУ) 2018/1048 треба соодветно да се измени и дополни.

(9) Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството во своето мислење бр. 03/2024 ([4]) предложи мерки во согласност со член 76(1) од Регулативата (ЕУ) 2018/1139.

(10) Мерките предвидени во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот формиран со член 127 од Регулативата (ЕУ) 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАВА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

**Измени и дополнувања на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2018/1048**

Регулативата за спроведување (ЕУ) 2018/1048 се изменува и дополнува како што следува:

(1) Во член 5, став 2 се заменува со следново:

„2. Со ставот 1 не се доведува во прашање членот 6 и можноста давателите на ATM/ANS да обезбедуваат услуги со помош на системи за слетување што овозможуваат операции од CAT

---

([3]) Регулатива за спроведување (ЕУ) 2021/2237 на Комисијата од 15 декември 2021 година за измена на Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 за условите за летање по сите временски услови и за обука и проверка на летачкиот екипаж (Сл. весник L450. 16.12.2021 година, ELI: http://data.europa.eu/eli/reg_impl/2021/2237/oj).

([4]) https://www.easa.europa.eu/en/document-library/opinions/opinion-no-032024.

II или CAT III во смисла на значењето од точката (120д) од Анекс I на Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012.“;

(2) Во Анексот, точката AUR.PBN.2005 се изменува и дополнува како што следува:

(а) точката (5) се заменува со следново:

„(5) По пат на отстапување од точката (4), каде давателите на ATM/ANS имаат воспоставено рути за SID или рути за STAR и доколку се потребни повисоки перформанси од оние кои се во таа точка со цел да се одржи капацитетот во воздушниот сообраќај и безбедноста во животната среди со висока густина на сообраќај, сложеноста на сообраќајот или карактеристиките на теренот, тие мора да ги имплементираат тие рути во согласност со условите за спецификација за RNAV 1. Дополнително, таму каде се бара оперативно сценарио, при проектирање на рути за давателите на ATM/ANS, една или повеќе од следниве дополнителни функционалности на навигацијата ќе се земат во предвид:

(а) операции по должина на вертикалната патека и помеѓу две навигациски точки (fixes), со користење на:

(i) „AT“ ограничувања на висината;
(ii) „AT OR ABOVE“ ограничувања на висината;
(iii) „AT OR BELOW“ ограничувања на висината;
(iv) „WINDOW“ ограничување;

(б) радиус до фиксна (контролна) точка (RF) до завршниот дел од приодот.“;

(б) се додава следнава точка (8):

„(8) По пат на отстапување од точката (6) и без да е во спротивност со точката (7), кога давателите на ATM/ANS имаат воспоставено рути на ATS во океанскиот или оддалечениот континентален воздушен простор, тие ги спроведуваат тие рути во согласност со барањата за спецификациите на RNAV 10 или на RNP 4.“.

*Член 2*

**Влегување во сила и примена**

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден по денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји членки.

Брисел, 20 март 2025 година.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ВОН ДЕР ЛЕЈЕН